РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Служба за општи и заеднички работи -
Бр. 05-1055/28
06.12. 2017 година
Скопје

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-17849
30.11.2017 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за изведување на дополнителни работи

**СКЛУЧЕН НА ДЕН 06.12. 2017 год. во Скопје меѓу :**

1. **Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија**, Скопје, бул. Кузман Јосифовски Питу, бр. 17-Скопје (во понатамошниот текст: инвенститор), претставувана од **директорот Пеце Мирчески**; и

2. **Градежното друштво ГРАНИТ АД Скопје**, бул. Димитрие Чуповски бр. 8, Скопје, со жиро сметка бр. 300000000416263, даночен број 4030996123112, депонент Комерцијална банка АД Скопје , ЕМБС 4054261 (во понатамошниот текст: изведувач), претставувано од **генералниот директор Зоран Милковски.**

Овој Договор се склучува врз основа на член 7 од Договорот за **изведба на градежни работи, градежно – занатски работи, занатски, инсталатерски и други работи за изградба на административен објект Државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности,** со наш арх. бр. 15-347/3 од 01.02.2012 година, склучен меѓу Службата и Друштвото ГРАНИТ АД Скопје и член 99, став 1, точка 4 од Законот за јавни набавки.

**I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е **изведување на дополнителни работи за изградба на административниот објект Државни институции – Јавна администрација и Факултет за драмски уметности**, кои не биле предвидени со основниот договор, согласно со предмерот, описите, количините и Понудата на изведувачот бр. 05-1055/21 од 13.11.2017 година, доставена по Поканата за доставување на понуди бр. 05-1055/20 од 09.11.2017 година.

Понудата и Предмерот се составен дел на овој Договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Инвеститорот и изведувачот, согласно со Понудата од член 1 на овој Договор, постигнаа согласност вредноста на работите предмет на овој Договор, без пресметан данок на додадена вредност да изнесува 10.763.900,00 денари.

Во цената од став еден на овој член се вклучени: вредноста на материјалите, царината, работната рака, трошоци за транспорт на материјалите и сл.

Во цената од став 1 на овој член не е вклучен данокот на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 1.937.502,00 денари.

**Вкупната вредност на овој договор со вклучен данок на додадена вредност изнесува 12.701.402,00 денари.**

Единичните цени од пресметката од понудата на Изведувачот се фиксни и непроменливи по било кој основ.

## III . РОК ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ

**Член 3**

Изведувачот се обврзува договорените работи да ги изведува во континуитет со работите од основниот договор.

Ако изведувачот работите предмет на овој договор не ги врши во согласност со утврдениот рок, тој е согласен на Инвеститорот да му плаќа пенали од 1 ‰ за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на овој договор, без данок на додадена вредност.

## IV. РОК ЗА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Инвеститорот се обврзува плаќањето да го изврши, во рок од 30 дена, од денот на доставување на ситуацијата заверена од надзорот.

Изведувачот се обврзува во ситуацијата одделно да го прикаже данокот на додадена вредност.

Изведувачот се обврзува во ситуацијата да го наведе бројот и датумот на овој Договор.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 5**

Заради навремено извршување на работите, Инвеститорот се обврзува на Изведувачот да му ги обезбеди сите потребни услови за извршување на работите, односно да му обезбеди пристап во објектот.

**Член 6**

Изведувачот е должен, договорените работи да ги изведе квалитетно, со материјали претходно атестирани од овластени фирми, кои одговараат на пропишаните стандарди и со внимание на добар стопанственик.

Изведувачот е должен работите да ги изведе во се според Предметот и понудата.

**Член 7**

Изведувачот е должен за изведување на работите да води градежна книга и дневник.

## VI. ГАРАНТЕН РОК

**Член 8**

Гарантниот рок за изведените работи изнесува две години, а на опремата според гаранцијата на производителот, сметано од денот на техничкиот прием.

Во време траењето на гарантниот рок Изведувачот е должен да ги отстрани сите недостатоци во колку се утврди дека истите настанале како последица на неквалитетна работа или неквалитетен материјал.

**Член 9**

Приемот на извршените работи ќе се изврши записнички, во присуство на претставници на Инвеститорот, Надзорот и Изведувачот.

Комисијата, ќе изготви записник од извршениот технички прием.

Доколку при приемот се констатираат недостатоци, Инвенститорот е должен своите забелешки веднаш да му ги соопшти на Изведувачот и да бара истите да се отстранат во рок кој ќе се определи при приемот.

**Член 10**

Изведувачот одговара и за недостатоци што би се покажале за време од 10 години од предавањето и приемот на работите, во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор, истиот може да се раскине.

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Основниот Договор бр. 15-347/3 од 01.02.2012 година и Законот за облигациони односи.

**Член 13**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**Член 15**

Овој договор е составен во 3 (три) истоветни примероци од кои 2 (два) за Инвеститорот и 1(еден) за Изведувачот.

| | |
|---|---|
| **ИНВЕСТИТОР,** | **ИЗВЕДУВАЧ,** |
| **Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија** | **ГРАНИТ АД** |
| **ДИРЕКТОР,** | **Генерален директор,** |
| **Пеце Мирчески** | **Зоран Милковски** |

Подготвил : Тања Демјанска

Контролирал : Ивана Јаневска

Согласен : Дејан Дамјановски